Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), општина Делчево, на ден 09.12.2021 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица за вода за пиење, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето (станици за пречистување и дезинфекција), КО Тработивиште, Општина Делчево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Делчево, www.delcevo.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица за вода за пиење, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето (станици за пречистување и дезинфекција), КО Тработивиште, Општина Делчево, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: За овој опфат општина Делчево има спроведено Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за ЛУПД за намена Е3-некомпатибилна инфраструктура, за изградба на пречистителна станица на КП бр. 115, 116, 117, 122/2, 121/2, 121/3 како и дел од КП бр. 114, дел од КП бр. 113/1, дел од КП бр. 113/2, дел од КП бр. 120, дел од КП бр. 121/1, дел од КП бр. 125, како и дел од КП бр. 127 КО Тработивиште, Општина Делчево со истата намена во период јуни-јули 2021 година и има добиено позитивно мислење.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-2374/1
Датум: 09.12.2021
Место: Општина Делчево

Име и презиме
Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО